НАШЕ СОНЦЕ

Октомври, 2009

Број 9

МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

# НАШЕ СОНЦЕ



10. Етно-фолк фестивал - Крањ 2008

Денот на жената - одбележан со модна ревија и забава

Формирање на јуниорска фолклорна секција

17. Мајски денови на македонската култура

Интервју Д-р Илија Димитриевски - претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“

Учество на фолклорната група на фестивалот Lake Postcard во Струга

## Вовед

Почитувани,

Во годината 2009 излезе од печат деветиот број на весникот „Наше сонце“. На 24 страници се претставени сите поважни настани и активности на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ. Овој број меѓу другите настани, ќе ви ги доближи традиционалните: 10. Етно-фолк фестивал, Прешерново оро и 17. Мајски денови, посветени на сесловенските просветители, браќата Св. Кирил и Методиј. И во овој број, како и во останатите, составен дел се повеќе ликовни изложби, драмски претстави, литературни вечери и разни игранки и забави. Од верските празнувања се опфатени најголемите христијански празници Божиќ и Велигден. Пренесуваме впечатоци на членови на фолклорната секција, учесници на меѓународниот фестивал во Струга.

Електронската форма на весникот ќе можете да ја превземете од нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si

Од уредниците

**Издавач на весникот:**

МКД „Св. Кирил и Методиј“ Крањ

Адреса: Савска цеста бр.34, Крањ, Словенија

Весникот „НАШЕ СОНЦЕ“ излегува еднаш годишно

Весникот е бесплатен. Тираж 300 примероци

**Автори на весникот:**

Миладин Младенов - Миле

Весна Кржовска

Даниел Атанасов

**Фото:** Роско, Даниел Атанасов, Катарина Герасимова, Миладин Младенов - Миле

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

## 10. Етно-фолк фестивал - Крањ 2008

Македонското културно друштво *Св. Кирил и Методиј* од Крањ на 8. и 9. ноември 2008 година, по десетти пат го организираше традиционалниот Етно-фолк фестивал во Македонскиот културен центар во Крањ.




Учество на фестивалот зедоа фолклорните секции: домаќините - *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, МКД *Илинден* од Јесенице, МКД *Македонија* (ФС *Калина*) од



Љубљана, Друштвото на иселениците од Плав и Гусиње - *Извор* од Крањ, СКД *Младост* Љубљана, КУД *Млади свет* Крањ, *Преддвор* од Преддвор, КЗ *Санџак* Словенија, КД *Брдо* Крањ, КУД *ДЕМ* Крањ, *Зелени Јуриј* Чрномељ и гостите од Македонија, фолклорниот ансамбал *Кочани* од Кочани.




Сандра Симоновска и Дарко Атанасов одлично се снајдоа во своите водителските улоги. Демонстрирајќи го својот водителски талент, успешно го приведоа фестивалот до крај. На 8. ноември, во саботата, после приредбата беше организирана игранка до доцна во ноќта. За музика се погрижија гостите од Кочани.

Специјално за овој настан, од Македонија, поточно од Кочани беше поканет фолклорниот ансамбал *Кочани*. Првиот ден ни се претставија со сплетовите *Источна Македонија* и *Калајџиско оро*, а вториот ден го одиграа сплетот *Жетварка*.

ФА *Кочани* од Кочани е формиран 1984 година, во составот на тогашниот Пионерски дом АСНОМ од Кочани. Со транзицијата и згаснувањето на Пионерските домови, го менува името во ФА *Кочани*. Во своето 25 годишно постоење има реализирано многубројни гостувања, како во Македонија, така и надвор од нејзините граници и тоа во: Полска, Германија, Турција, Бугарија, Романија, Словенија, Хрватска и Србија. За негувањето и афирмирањето на македонскиот фолклор и народните традиции, има освоено бројни награди и признанија. Моментално, ансамблот има околу 150 членови, на возраст од 7 до 60 години, распоредени во три селекции: подмладок, младинци и ветерани - рекреативци.

„За соработката со словенечките друштва можеме да кажеме само пофални зборови, за што зборува и податокот дека ова ни е четврто гостување во Словенија. Исто сме биле гостители на фолклорните групи *Илинден* од Јесенице, *Триглав* од Јаворник и *Камник* од истоимениот град. Цврсто сме уверени и работиме на тоа, нашата културна соработка и пријателување со Словенија да ги продолжиме и продлабочиме. Голема благодарност за поканата и гостопримството во Словенија од името на ансамблот“ - беа зборовите на г-дин Влатко Ефремов, при поаѓањето за Македонија.

## Гостување на одговорниот Архијереј за европската епархија, неговото високо преосвештенство, митрополитот г-дин Пимен помеѓу македонските православни верници во Словенија

Македонските православни верници беа почестени од тридневната посета на одговорниот Архијереј за европската епархија, неговото високо преосвештенство, митрополитот г-дин Пимен, неговиот заменик кој работи во Асти - Италија и деканот на теолошкиот факултет во Скопје проф. Димитар Белчовски.

Покрај основната цел на посетата да се одбележи празникот на *Св. Климент Охридски Чудотворец*, чие име го носи Црковната општина во Словенија, неговото високо преосвештенство, митрополитот г-дин Пимен со своите соработници го искористи за бројни средби и предавања.

Веднаш по пристигнувањето на 5. декември, во петокот, имаше прием кај градоначалникот на градската општина Љубљана, г-динот Зоран Јанковиќ. Два часа подоцна веќе беше примен кај љубљанскиот надшкоф и митрополит, г-динот Алојз Уран. Двете средби, како и состанокот со управниот одбор на Македонската православна заедница во Словенија во 20.00 часот, беа со цел да се побара црква во околината на Љубљана или Крањ во наем и да се доведе свештеник од Македонија кој би работел и живеел овде во Словенија. Се разговараше и за идејата, на кој начин би можеле да обезбедиме средства за земјиште, на кое подоцна би можеле да изградиме сопствена црква. Пред состанокот во 18.00 часот беше организирано предавање на тема Македонската православна црква, на кое му предходеше културна програма, во организација на Црковниот одбор од Љубљана.

Наредниот ден неговото преосвештенство, митрополитот г-дин Пимен со своите соработници беше гостин во Крањ. Во 10.00 часот одржаа богослужба по повод празникот на патронот на Македонската православна црква *Свети Климент Охридски Чудотворец*. Попладнето го посетија *Ромарскиот центар* на Св. Богородица во Брезје. Во 17.00 часот, после културната програма која што беше подготвена во нивна чест, во Македонскиот културен центар во Крањ, професорот Димитар Белчовски одржа предавање за патронот на МПЦ *Св.*

*Климент Охридски Чудотворец*, првиот македонски архиепископ, творец на далеку познатата Охридска книжевна школа, во која оспособил над 3500 ученици за црковна богослужба, најпознатиот македонски писател и педагог од тоа време.



После предавањето, гостите од Македонија одговараа на најразлични верски прашања. Дружењето продолжи со заедничка вечера, по која следеше игранка со оркестарот на изворни ора и песни *Илинден* од Јесенице. Неговото високо преосвештенство, митрополитот г-дин Пимен посебно беше воодушевен од настапот на подмладокот на фолклорната секција *Илинден* од Јесенице. На разделба се сликаше со нив, а на негова желба му испејаа неколку народни македонски песни.

Посетата во Словенија ја заклучија на 7. декември во Марибор, каде исто така одржаа средба и предавање со Македонците од тој дел на Словенија. Учествуваа на богослужбата на католичките верници и имаа средба со заменикот на мариборскиот шкоф.

Неговото високо преосвештенство, митрополитот г-дин Пимен Илиевски е роден во Ресен на 3. 10. 1971 година. Основно и средно насочено училиште - математика и физика завршил во Ресен. Се запишува на Машински факултет, а во втора година паралелно се запишува и на Теолошкиот факултет во Скопје. По

завршувањето на трета година на Теолошкиот факултет, заминува во манастирот *Св. Леонтиј* во Водоча, Струмица. Од таму, како монах го завршува факултетот вонредно. Таму станува старешина на манастирот, игумен. На предлог на Светиот архијерејски синод, заминува на постдипломски студии во Париз, на Теолошкиот институт *Св. Сергеј*. Од таму раководи со црковните општини во Париз и Брисел. Таму го затекнува и одлуката за избор за владика. Ракополагањето е на празникот на Сите македонски светители на 2. 10. 2005 година, во храмот *Св. Софија* во Охрид. Ја извршува должноста Викарен епископ Полјански во Струмичката Епархија сѐ до април 2006 година, кога постанува митрополит на Европската епархија. После првата Канонска визитација на епархијата, согледувајќи ги условите за работа во повеќе црковни општини, паѓа одлука седиштето да биде во Малме, во Шведска.

## Концерт на Етно Малеш во МКЦ „Св. Кирил и Методиј“ во Крањ

Во некомплетен состав, без гајди и кавали, на два тапана и две зурли ни се претстави музичката група *Етно Малеш* од Берово. Пред околу 200 присутни, иако без озвучување, ѕидовите на салата се тресеа. Се претставија со источно-македонски ора и песни, продолжувајќи ја традицијата на Ратевските зурли, стара повеќе од 800 години. Инаку составот под ова име работи околу 30 години.




Учесници се на бројни фестивали во Македонија и надвор од неа, во Грција, Бугарија, Турција, Холандија, Швајцарија, Словенија и др. Во Словенија имаат учествувано на Етно-фолкот 2004, со КУД *Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски* од Берово. Голема желба им е средбата да се обнови.

## Пред новогодишна забава со Дедо Мраз

Дедо Мраз не заборава ниту едно дете, посебно ако е вреден ученик и ако е послушно во текот на целата година. Тоа го докажа и во саботата навечер, на 27. декември кога ги посети најмладите Македончиња, во Македонскиот културен центар во Крањ.

Елените не можеа да се искачат по скалите, па санката полна со подароци мораше сам да ја влече по истите, поради што стигна многу уморен. Одвај направи два три круга по салата за да ги поздрави сите дечиња. Повеќе не можеше да издржи, побара столче, седна и седејќи им ги делеше подароците на дечињата што биле послушни и вредно учеле. Секое од нив имаше можност да се претстави, да му запее некоја од своите омилени песнички, за што сите беа наградувани со богати пакетчиња.



Посетата на Дедо Мраз ја организираа Павлина Стаменковска и Атанас Продански, помогнати од неколку активисти и спонзорите: Станко Серафимов, Гоше Анастасов, Благојчо Мицов, гостилница *Кај Тетка, Пауновски доо* и сервис за чистење *Goldy.*

Посетата на Дедо Мраз премина во заедничка игранка до доцна во ноќта. За весело расположение се погрижија музичарите Оливер и Димитриј Илиевски. За „жедните" се грижеше г-дин Геро Стаменковски.

## Божик 2009

Денот на раѓањето на Божјиот син Исус Христос, празникот над сите празници кај православните народи, Божик, Македонците во Словенија го одбележаа со вечерна божествена литургија на Бадна вечер на 6. јануари и утринска богослужба на 7. јануари, во црквата Марија Роженвенска во Крањ. За овој настан од Македонија беше испратен свештеникот Душан Продански. Неговото присуство македонските верници го искористија за задоволување на бројни верски потреби, како што се осветување на станови и куќи, правење на панагии, молитви и слично. Дел од вечерната бадна литургија сними екипа на првиот канал на Словенечката радио телевизија и го прикажаа во емисијата „Верски обзорја"на 9. јануари 2009 година.



## Православна нова година - Василица 2009



Дочекот на Православната нова година беше организиран во Македонскиот културен центар *Св. Кирил и Методиј* во Крањ, на ден 17. јануари 2009 година, со почеток во 19 часот. За весело расположение на присутните се погрижија членовите на ансамблот *Хармонија* од Виница.

## Прешерново оро 2009

Проектот *Прешерново оро* кој се одржува секоја година во чест на словеначкиот културен празник и годишнината од смртта на д-р Франце Прешерн, годинава го одбележаа изложбата на академската сликарка Мелита Вовк, настапот на машкиот дел од пејачкиот хор Шмартин и литературната работилница со поетот Мишо Живковски.



Во просториите на МКД во Крањ, академската сликарка Мелита Вовк имаше самостојна изложба на графички и сликарски дела од педесетите години на минатиот век.

Мелита Вовк е родена 1928 година во Блед. На Академијата за ликовна уметност, во 1951 година дипломирала сликарство кај професорот Максим Седеј. Подоцна специјализирала графика на истата Академија, кај професорот Божидар Јакац. Работела како наставник по ликовно образование, потоа како сценограф и дејствувала како слободен уметник. Добитник е на многубројни награди од областа на сликарството, графиката, костимографијата и сценографијата.

Машкиот дел од пејачкиот хор Шмартин од Стражишче се претстави со неколку народни и шеговити песни.

Во рамките на проектот *Прешерново оро 2009* свое претставување, со избрана поезија и одломки од проза имаше поетот Мишо Живковски.

Мишо Живковски е роден 1971 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје. Ги објавил следните збирки поезија: *Нечујни стихови*, *Огин песни*, *Година на еклипсата* и *Пунктови*. Покрај поезија пишува и раскази, есеи и критики. Неговите песни се преведувани на англиски, бугарски, грчки и словенечки јазик и се објавувани во македонски и странски литературни весници.





Програмата беше збогатена со настапот на фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“ во просториите на Планет Туш во Крањ, каде фолклористите се претставија со ората *Источна Македонија* и премиерно со *Разиграна Македонија*.

Кулинарската вечер со македонски јадења, подготвени од вештите раце на македонската жена и овој пат не изостана. Свој придонес за збогатување на македонската трпеза дадоа: Павлина Стаменковска, Милка Мицова, Станка Соколова, Јорданка Тасова, Љубица Карафатска, Јагода Боболинска, Блага Крстева, Невенка Младенова, Кристина Јосифоска, Иглика Димитрова, Методи Златков и други.



Дводневниот проект Прешерново оро 2009 беше успешно организиран и затворен со игранка со народно - забавна музика.

## Денот на жената - одбележан со модна ревија и забава

По повод денот на жената, 8-ми март, во просториите на Македонскиот културен центар беше организирана модна ревија.

Во организација на г-ѓа Павлина Стаменковска, потпомогната од фолклористите на МКД *Св. Кирил и Методиј* беше претставена зимско - летна колекција на облека. Спонзори на настанот беа:

- Козметика LR - Health & Beauty system - team Tomov - Австрија,
- Модна облека Two Way - Крањ и
- Козметика Avon.



За цвеќе и пијалок се погрижија: гостилница *Pri Tetki*, сервис за чистење *Goldy - Metodi Zlatkov*, *Paunovski d.o.o.*, Станко Серафимов, гостилница *Matevž - Goše Anastasov* и *Blagojčo Micov s.p.*



## Концерт - Велигденски собор

По повод најголемиот христијански празник, Велигден, во МКЦ *Св. Кирил и Методиј*, на 19.4.2009 година свој настап имаа македонските фолклорни групи на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ и МКД *Илинден* од Јесенице. Организатор на настанот беше МПЦО *Св. Климент Охридски*.

Поради врнежливото време, традиционалниот велигденски пикник, кој беше закажан на пикник локацијата во Страхињ, беше преместен и се одржа во Македонскиот културен центар во Крањ.

## Ликовна мултилатерала - одбележана со ликовна изложба на сликарот Лојзе Калиншек

Проектот Ликовна мултилатерала годинава беше одбележан со отварањето на ликовната изложба на сликарот Лојзе Калиншек. Најзастапен мотив на неговите слики се седечки и лежечки фигури на женско - машки парови. Неговите слики изгледаат како стари икони или сликани релјефи.

Лојзе Калиншек е роден 1956 година. Дипломирал 1977 година на Педагошката академија во Љубљана. Член е на Друштвото на словеначките ликовни уметници и на Меѓународната асоцијација на ликовни уметници. Во 25-годишното дејствување, зад себе има 50 самостојни и повеќе од 100 групни изложби.



Програмата ја збогати настапот на фолклорната група на МКД *Св. Кирил и Методиј*.

## Формирање на јуниорска фолклорна секција

На 24. април 2009 година во просториите на МКД *Св. Кирил и Методиј* со своите први чекори во фолклорната група започнаа Даниел, Анита, Роберт и Андреј. Подоцна им се придружија Ана Стаменковска, која има мало искуство зад себе, како и Ребека и Каролина Николови.



После неколку месечно работење на оваа секција побаравме мислење за истата од страна на родител на член на секцијата и член на секцијата.

Станко, родител на Роберт и Андреј, членови на јуниорската фолклорна секција на МКД *Св. Кирил и Методиј:*

„Како родител најпрво му се заблагодарувам на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ што им овозможува на нашите деца да ги учат и одржуваат фолклорните уметности на нашите предци. Моите деца ги подржувам и поттикнувам при активностите во фолклорната секција зотоа што на таков начин ќе ги спознаат своите корени, традиција и обичаи и ќе можат да ги пренесат на идните генерации.



Овде ќе си дозволам да апелирам до сите македонски родители да ги стимулираат своите деца за вклучување во фолклорната секција, бидејќи на таков начин имаат извонредна можност за меѓусебно запознавање, дружење и забава.“

Роберт, член на јуниорската фолклорна секција на МКД *Св. Кирил и Методиј:*

„Како член на фолклорната секција сум задоволен од работата на нашата секција. Не учи многу љубезен кореограф. Имаме можност да се учиме да играме со жива музика. Јас го гледам сето ова како дружење и забава.“

## 17. Мајски денови на македонската култура

17-тите Мајски денови на културата, посветени на сесловенските просветители, браќата Св. Кирил и Методиј, годинава се одржаа од 22. до 31. мај. Меѓу поважните настани кои ги одбележаа Мајските денови беа ликовната изложба на академскиот сликар Винко Железникар, монодрамата *Љубов моја*, во изведба на Јоана Поповска, квиз натпреварот помеѓу учениците кои посетуваат настава по македонски јазик, турнирите во мал фудбал и шах и друго.

**Ликовна изложба на академскиот сликар Винко Железникар**

Најголем дел од неговите слики се изработени со акрилна техника на хартија и претставуваат апстрактни пејзажи. Исто така на неговите дела, често се изразени негови згодби и апстрактни сонови.

Винко Железникар е роден 1954 година во Љубљана. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Љубљана. Има околу 40-тина самостојни изложби и учествувал во повеќе од сто групни изложби.

**Јоана Поповска во *Љубов моја* (монодрама)**

Монодрамата *Љубов моја*, во изведба на Јоана Поповска, во режија на



Љупчо Ѓоргиевски е дел од репертоарот на *Мал драмски театар* од Битола. Основен мотив на драмата е љубовта како главна движечка сила во животот. Јоана Поповска е угледна македонска театарска и телевизиска актерка, која на сцената е присутна повеќе од 40 години. Во својата богата актерска кариера има настапувано во повеќе од 300 улоги во светски, европски и македонски драми. Добитник е на повеќе награди и признанија. Јоана Поповска е родена 1943 година во Скопје.

**Квиз натпревар помеѓу учениците кои посетуваат настава по македонски јазик**



Како дел од Мајските денови се одржа и квизот помеѓу учениците кои посетуваат настава по македонски јазик кај наставникот Зекирија Шаиновски. Квизот е од областа на македонскиот јазик, македонската култура, историја и географија. На квизот учествуваа 2 екипи од Нова Горица и по една од Козина, Љубљана и Крањ. Победи екипата од Нова Горица 2.

Пред почетокот на квиз натпреварот со драмска изведба се претстави екипата од Крањ.

**Мајски турнир во мал фудбал**

Во недела на 24.5.2009 година пак се собравме за да го одржиме традиционалиот турнир на друштвата од цела Словенија. Можност за докажување на своите вештини доби и женскиот пол.

На турнирот беа присутни нашите пријатели од Јесенице (МКД Илинден), од Железники (МКД Вардар), од Крањ (ЦКПШД Морача и КД Брдо), од Љубљана (МКД Македонија) и од Нова Горица (МКД Охридски бисери). Екипите ги поделивме во 2 групи од кои најдобрите отидоа во финалето.

Во паузите меѓу натпреварите се одржа и натпревар во гаѓање конуси, за женскиот пол. Некои од натпреварувачките не ги „разбраа“ добро правилата и наместо да гаѓаат во конусите, ги гаѓаа фотографот или публиката, а некои промашија цела топка. Најмногу вештина покажаа Билјана, Верка и Ања, последната како најуспешна доби награда - спортска торба.



Борбата за пехарите не беше неизвесна, бидејќи екипата на *Брдо* суверено го освои првото место, совладувајќи ја екипата на организаторот, *СВ. Кирил и Методиј* во финалето. *Морача* мораше да вложи многу труд во дуелот со *Вардар*, за да го освои најмалиот од трите пехари.

Благодарност до екипите, судијата, членовите на друштвото за организацијата и благодарност до спонзорите. Се гледаме на 18. традиционален турнир во мај 2010! Повелете!

**Турнир во брзо потезен шах**

На 26. мај се одржа турнир во брзо потезен шах. Учествуваа 31 натпреварувач. Првото место го освои Зорко Душан, а Стојанов Стојче со освоеното 9. место, беше најдобро пласиран претставник од МКД *Св. Кирил и Методиј*.



Традиционалните 17. Мајски денови беа затворени со премиерниот настап на јуниорската фолклорна секција, ориентален танц на КУД *Сонце* и македонски народни песни во изведба на МФГ *Калина* од Љубљана.

# Интервју

## Д-р Илија Димитриевски - претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“



НАШЕ СОНЦЕ: Какви беа почетоците на формирањето на МКД „Св. Кирил и Методиј“ ?

Д-Р ИЛИЈА ДИМИТРИЕВСКИ: Подготовките за формирање на самостојно македонско културно друштво за подрачјето на Крањ и поблиските градови во Горењска започнаа кон крајот на 1991 година од страна на иницијативниот одбор кој го водеше Кочовски, со поголем број на Македонци. Во Љубљана најпрво се формира МКД „Македонија“. Нивното искуство ни помогна да ги совладаме сите активности за формирање на нашето друштво. Основачкото собрание го одржавме на 24. мај 1992 година во големата сала на МО Крањ, кога беше прифатен Статутот на МКД „Св. Кирил и Методиј“ и извршните органи на друштвото во кои се вклучија сите основачи. За прв претседател беше избран Глигор Калинов. Уште во првата година започнавме со активности и средби:

- Пикник за Богородица,
- Дополнителна настава по македонски јазик во Крањ,
- Пречек на Стара нова година (Василица),
- Мајските денови на МКД „Св. Кирил и Методиј“.

По настанувањето на македонските друштва во Јесенице, Марибор, Цеље и Изола, во 1994 година го формиравме Сојузот на македонските културни друштва во Словенија. Сојузот допринесе соработката со другите друштва во Словенија да се зацврсти и интензивира. За цело време бев активен претставник на нашето друштво на разни функции во Сојузот како секретар, потпретседател (повеќе мандати) и претседател. Покрај договорените приредби, кои ги организираа поедини друштва во текот на годината, секое друштво создаваше свои контакти со слични друштва во Македонија, Словенија, Хрватска, Германија и други земји. Мајските денови на нашето друштво, кои исто ги поименувавме како денови на македонската култура во Крањ ни послужија за збогатување на нашите дејности на подрачјата на фолклорот, организација на изложби, музички, театарски и спортски приредби. За време на вториот претседател, Атанас Продански се зајакнаа активностите на фолклорната секција и успеавме да го организираме фолклорниот фестивал на припадниците на етничките групи во Словенија под името ЕТНО-ФОЛК, Крањ, кој годинава ќе го организираме по 11-ти пат.

НАШЕ СОНЦЕ: Кои се најголемите успеси што ги постигнало МКД „Св. Кирил и Методиј“ во време на вашиот мандат?

Д-Р ИЛИЈА ДИМИТРИЕВСКИ: Во друштвото активно работам од самиот почеток, а ова е мој трет претседателски мандат. Постигнатите успеси се колективен допринос на многу членови, кои беа различно активни во поедини периоди. Затоа сè што е постигнато е заеднички успех, на кој треба да се гордееме сите. После 2004 година заслужува да ја издвоиме изградбата на Македонскиот културен центар - МКЦ, како најголем подвиг од почетокот на постоењето на друштвото. Во МКЦ со доброволно работење и тешко добиени средства преку донатори и проекти, вложивме преку седумдесет илјади евра. Во денешно време тешко си претставувам повторно определување за една таква авантура. Новите простории ни овозможија нови активности и проекти, меѓу нив би ги издвоил:

- Ликовните изложби, познати како проект „ЛИКОВНА МУЛТИЛАТЕРАЛА“,
- Средби на поети и писатели под името „ПРЕШЕРНОВО ОРО“,
- Изградбата на информацискиот центар со компјутерска училница и проектот „НАШЕ СОНЦЕ“ со издавањето на весникот со исто име и
- Гостувања на театарски и музички групи и многу други настани.

Нашата фолклорна група настапува на многубројни приредби во Словенија и надвор. Покрај тоа успеваме да настапиме на реномирани фестивали во Германија, Италија, Турција, Хрватска и Македонија. Сите тие активности бараат голем напор од сите нас, а најмногу од одговорните за нашите приредби и проекти.

НАШЕ СОНЦЕ: Како претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“, како ја оценувате работата на друштвото?

Д-Р ИЛИЈА ДИМИТРИЕВСКИ: Според кажаното и споредувајќи се со други слични друштва, работата на друштвото може да се оцени со оценка одлично. Истото го тврдат и надворешните показатели. Таква оценка даде и градоначалникот на МО Крањ, г-динот Дамјан Перне за време на поранешните и на последната посетата на нашиот Богородичен пикник. Претставената програма на работењето е огромна за едно аматерско и со многу активности ангажирано друштво. Оптеретувањето на поединци е големо, така да некои се прашуваат дали се вредни сите напори што ги правиме. После секој успешно завршен настан, повторно се полниме со енергија и ја продолжуваме нашата мисија, претставување на македонството во околината каде живееме.

НАШЕ СОНЦЕ: Со кои проблеми најчесто се соочува друштвото?

Д-Р ИЛИЈА ДИМИТРИЕВСКИ: Одговорот на ова прашање може да се банализира на две основни категории, т.е. проблем се материјалните средства и поширок круг на луѓе подготвени да работаат исклучително од љубов кон културата и спортот, дружење со своите сонародници, припадност и понос на македонското потекло. Во денешно време и покрај сета поддршка од страна на околината во која живееме, мораме многу да се потрудиме за да го сочуваме постигнатото. За проектите, кои секоја година ги изведуваме со сè поголем успех, Министерството за култура на Република Словенија ни реже тенко парче леб. Од страна на

Република Македонија, покрај плаќањето на учителот, кој ја одржува наставата по македонски јазик во Словенија, немаме никаква директна материјална поддршка. Покрај тоа посетеноста на дополнителната настава е ниска, за што во прв ред се виновни родителите. Трошоците за одржување на МКЦ се високи и тешко ги покриваме. Два пати се пријавувавме со проект на конкурсот од Социјалниот структурен фонд на Европската унија, за вработување на професионален секретар - менаџер во друштвото, меѓутоа не бевме успешни. Затоа не ни останува ништо друго освен да се снаоѓаме како знаеме и умееме.

НАШЕ СОНЦЕ: На кое ниво е соработката на МКД „Св. Кирил и Методиј“ со останатите македонски и други културни друштва и субјекти во Република Словенија?

Д-Р ИЛИЈА ДИМИТРИЕВСКИ: Нашето друштво тесно соработува со сите македонски културни друштва во Република Словенија. Редовно се вклучувме во нивните приредби. Најтесна ни е соработката со друштвата од Љубљана и Јесеници, пред сè на полето на програмска размена. Голема благодарност им должиме на МКД „Македонија“ од Љубљана, кои во најтешките времиња, за време на изградбата на МКЦ ни позајмија прилично голема сума на пари. Сојузот на МКД во Словенија имаше значителна улога во почетниот период, кога беше потписник на поголем број на проекти и со тоа на средства за проектите што ги реализираа друштвата. Неразбирање на проектните принципи на финансирање од страна на Министерството за култура на Република Словенија повеќе пати доведуваше до кавги и недоразбирања. Затоа друштвата се оспособија за директно пријавување на проектите, така да денес улогата на Сојузот е подредена и е во главно координација на поретки активности.

НАШЕ СОНЦЕ: Што би им порачале на младите генерации Македонци кои живеат во Република Словенија?

Д-Р ИЛИЈА ДИМИТРИЕВСКИ: Нашата друга татковина Словенија не прими, како свои чеда во времињата на една заедничка држава. Познато е дека и најдобрата маќеа не е како родната мајка, секогаш е построга до приселените чеда. За да им се возврати со иста љубов, приселените чеда треба повеќе да се потрудат и да ги развијат своите таленти во потешки услови за да успеат во животот. Младите генерации на Македонци, родени во Словенија не се толку оптоварени со носталгија до татковината на родителите, затоа тешко ги разбираат нивните мечти. Современиот живот бара од секого максимален допринос и ангажирање. Во тој бој за просперитет и опстанок често се вовлекуваат и заштитнички определувања наш/ваш. Во тешките мигови се почесто се враќаме кон своите корени, битие и житие. Затоа им порачувам на сите Македонци, да ги зачуваат културните традиции, кои секогаш можат да ни послужат како компас во секојдневниот живот.

## Учество на фолклорната група на фестивалот Lake Postcard во Струга

Фолклорната група при МКД *Св. Кирил и Методиј*, од 25.6 до 29.6 годинава учествуваше на фестивалот Lake Postcard во Струга. На фестивалот учество зедоа фолклорни групи од 30 држави од Европа и Африка. Ги пренесуваме впечатоците на Драгана Ефремова, член на фолклорната секција при нашето друштво.

„Оваа турнеја во Македонија ми беше најмила од сите турнеи на кои сум учествувала досега. За друштво организирано во дијаспора, имавме голема чест да бидеме дел од манифестацијата, имајќи в предвид дека сме аматерска фолклорна група, но со големи срца и гордост бидејќи ја претставуваме мајчината земја.



На манифестацијата во Струга - Охрид запознавме другари од Србија, Романија, Бугарија, а девојчињата од Македонското друштво ни го претставија Охрид. Турнејата не беше напорна. Првиот настап го одржавме во Струга пред културниот дом, а пред настапот имавме дефиле низ градот Струга, каде пеевме македонски песни и игравме ора.

Последниот настап беше во Охрид и единствено овде би дала мали критики до организацијата бидејќи за да ја одиграме нашата точка, моравме да чекаме 5 часа. Тоа се случи бидејќи истиот ден се одржуваше и друг фестивал со учество на 20 групи. Но залудно не чекавме, за тоа време запознавме учесници од другите групи. Многумина ни честитаа бидејќи ја негуваме македонската традиција и фолклор. Сето тоа не направи среќни и горди и на крајот и овој настап како и другите излезе феноменален.

Последните денови во Струга поминаа брзо. Сите групи бевме поканети на излет со брод до манастирот Св. Наум, каде што ја разгледавме околината и се разладивме во водите на Охридското езеро.

Се надевам дека пак ќе учествуваме на ваков фестивал, можеби наредната година и дека ќе се претставиме со поголем број на играорци и поголем спектар на кореографии. Морам само уште да го пофалам ансамблот кој не забавуваше, не само на настапите, туку и во слободното време.“

## Лент 2009 - Марибор

На 8. јули 2009 година, фолклорната група при МКД *Св. Кирил и Методиј*, учествуваше на фестивалот Лент во Марибор. На фестивалот учествуваа уште три македонски фолклорни групи: МКД *Илинден* од Јесеница, ФГ *Калина* од Љубљана и МКД *Билјана* од Марибор. До местото на приредбата, во колона од 50 метри, во придружба на инструменти, членовите на четирите фолклорни групи играа и пееја заедно по улиците на Марибор. Жителите на Марибор ги поздравуваа, фотографираа и уживаа заедно со нив. Секоја од четирите македонски групи имаше успешен посебен настап, за да на крајот имаат и заеднички настап, кој беше прекрасна глетка на бината, воедно и голема промоција на македонската култура.



## Настап на фолклорната група во Грац, Австрија

Како гости на српското културно друштво *Свети Сава* од Грац, фолклорната група при МКД *Св. Кирил и Методиј* имаше успешен настап на фестивалот во Австрија.

На овој фестивал публиката беше посебно воодушевена од јуниорската фолклорна група на нашето друштво.



## Богородична средба 2009

За црковниот празник Богородица, МПЦО *Св. Климент Охридски* организираше свечена литургија, во петокот, на 28. август 2009 година во црквата Св. Јанез Керстник во Љубљана и во неделата, на 30. август, во црквата Св. Марија Рожневенска во Крањ.

По повод овој голем празник беше организиран и пикник - Богородична средба на фудбалското игралиште во Храстје. Средбата беше збогатена со жива музика, а имаше гости од цела Словенија.



## IN MEMORIAM

### Глигор Калинов

Последна почит на првиот претседател на МКД *Св. Кирил и Методиј* од Крањ, г-динот Глигор Калинов, на гробиштата во Шенчур, му оддадоа бројни пријатели, роднини и познаници, испраќајќи го на неговиот вечен пат. Меѓу присутните беа и претставници на Управниот одбор на друштвото и фолклористи од фолклорната секција, која што токму под негово раководство ги правеше „првите чекори“.

Во своето плодно, 80 годишно живеење, остави длабок печат како добар сопруг, родител, дедо, роднина, пријател, сосед, сонародник, соработник, голем патриот, непрекинато поврзан со „Југот“, неговата родна и мила Македонија.

Нека му е ВЕЧЕН ПОМЕН!



## Народни поговорки на македонски јазик

Испружи си ги нозете колку што ти е долга чергата.

Што ќе расипе една будала не можат да поправат 100 паметни.

Од пијаниот и улавиот бега.

Каменот е тежок на местото.

Кој последен се смее, најслатко се смее.

Прво рипни па речи оп.

Без мака нема наука.

Без алат нема занает.

И на малата и на големата невеста трошокот е ист.

Сиромав човек - жив ѓавол.

На лагата и се кратки нозете.

Ако си овца, секој ќе те стриже.

Сложни браќа планина уриваат.

Денот се познава по утрото.

Ѓаволот ни ора ни копа.

Брзата кучка слепи кучиња раѓа.

Пари при пари одат.

Крушата под круша паѓа.

Ефтиното месо ни кучињата не го јадат.

Не питај што е убаво, питај што е скапо.

Пријателот со пари не се купува.

Децата се огледало на родителите.

Рани душа да те слуша.

Кој пее зло не мисли.

## Македонски рецепти

### Сарма




Сармата, која е составен дел на кулинарските вечери во друштвото е едно од најпознатите македонски традиционални јадења. Може да се подготви со пресна или кисела зелка, со лозов лист или листови од штавеј.

Сарма со кисела зелка

Се одбираат убавите листови од зелката. Две глави кромид ситно се сецкаат и се пржат во малку масло. Пред да почне да се вцрвенува кромидот се додава половина килограм мелено месо кое најдобро е да биде 70% телешко и 30% свинско. Се пржи околу десетина минути додека месото не ја изгуби црвената боја и постојано се меша за да кромидот и месото добро се измешаат. Потоа во тавата се додава еден филџан ориз и се пржи уште 5-6 минути. Смесата се зачинува со бибер, сол и малку буковец по желба.

Виткање на сармите

Листовите зелка се приготвуваат така што им се отстранува тврдиот дел. На еден лист се ставаат по две супени лажици од меленото месо и се виткаат сармите. Потоа сармите се редат во тенџере во кое на дното има ставено еден или два листа од зелката. Тенџерето се налива со вода додека сармите не се потопат со вода. Се вари еден час на тивок оган.

Сармите потоа можат да се потпечат во рерна или да се сервираат веднаш после варењето.

### Сутлијаш

Сутлијаш е вид сладок десерт што се добива со варењето на ориз во млеко.

Сутлијаш се приготвува со варење на ориз во млеко со додатоци: шеќер, цимет или ванилин екстракт, а може да биде украсен со рендано чоколадо или овошје. Се служи топол или ладен во порции (чинии).

Оваа посластица е редовно јадење на македонската кујна.

**МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**КРАЊ, СЛОВЕНИЈА**

**Адреса:**
Савска цеста бр.34
4000, Крањ
Словенија

**Телефони:**
+386 (0)4 2369 588
+386 (0)4 2369 589
+ 386 (0)41 258 098

**Интернет страни:**
www.mkd-kim.si
www.mkc-kranj.si

**E-mail:**
mkd.kranj@gmail.com




Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciralo Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije

## Спонзори и донатори

### Спонзори:

Iskratel d.o.o.
Avtoprevozništvo Rade Stoilov s.p.
Savatech d.o.o.
Zebra d.o.o. Kranj
Maktrans d.o.o. Ljubljana
Novateks d.o.o. Ljubljana
Vinojug d.o.o. Šenčur
Avto šola Expert s.p. Kranj

### Донатори:

Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije
Mestna občina Kranj
Tabakum import export d.o.o.
Sava d.d.